РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 1673
12.08 2014 год.
СКОПЈЕ

КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 68 од Законот за извршување ( "Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/2011), Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, по повод предлог –мислењата на Стручниот совет на КИРМ од ден 07.07.2014 година, на сто и четвртата седница одржана на ден 07.08.2014 година, го усвои следното

## ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

1. Согласно постоечките одредби од Законот за финсиско обезбедување, нема можност договорот заверен кај нотар да биде основ за присилно извршување согласно Законот за извршување од причина што истиот е приватна исправа и ваквиот договор нема својство на извршна исправа. Доколку странките му дадат својство на извршна исправа на договорот односно ја солемнизираат приватната исправа, со согласност на должникот, тогаш истата ќе може да биде основ за спроведување на присилно извршување согласно одредбите од член 2 и член 12 од Законот за извршување.

2. Извршувањето на договорот кој се стекнал со својство на извршна исправа може да се спроведе на начин што извршувањето да се спроведе согласно одредбите од Законот за извршување.

3. Бидејќи се применуваат одредбите од Законот за извршување целата постапка во целост ќе се спроведува согласно Законот за извршување.

4. За да се сочува приоритетот мора паричните средства да бидат на посебна сметка кај носителот на платени промет која не е опфатена со Законот за платен промет и залогот да биде евидентиран и во Заложниот регистар при ЦРРМ.

5. Кога се во прашање други финансиски инструменти како акции, хартии од вредност, обврзници и др. за договори склучени согласно Законот за финансиско обезбедување соодветно ќе се применуваат одредбите согласно Закон за извршување доколку договорите се солемнизирани односно во форма на нотарски акт со својство на извршна исправа.

Комора на извршители на РМ
Претседател на УО ,
Зоран Петрески
_______________________

Бул. „ Илинден " бр. 60/2-2 Скопје
Тел: 02 3225 674 Факс: 02 3239 877
e-mail: izvrsitelinarm@yahoo.com